СУДСКИ БУЏЕТСКИ СО...
...GJYQËSOR BUXHE...
СКОПЈЕ - SHKUP
25.10.2022
Број Numër | Прилог Shtojcë
03-1314/1

( Образец ПП......)
До: Република Северна Македонија
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Лично.

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
Исплата по пресуда на Европскиот суд за човекови права Стразбур Франција 27307/04 GORESKI and Others v. MKD , од месец Новембар 2011 година; Пресудата е по Апликација, жалба на барателите Ристо Ѓорески, Илинка Иваноска, Страшо Ѓорѓиески и Гордана Аџи-Спиркоска, сите од Прилеп.
[redacted]
Во прилог доставувам копија од Петта сесија Стразбур 9 Февруари 2009 година и Копија на Барање за правично обештетување износ 244.000 евра.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

(а) увид
- б) препис
(в) фотокопија со потврда верно на оригиналот;
- г) електронски запис
- д) друго _Писмено известување;

Начин на доставување на информацијата:

(а) по пошта со препорачана пратка и брза пошта;
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
( д) друго _Писменото известување на рака дадено на барателот.
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во Скопје 25.10.2022 година

[redacted]

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTESISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0302-201/2
03.11 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ / ShKUP

Министерството за правда – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права одлучувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под архивски број 03 – 1314/1 од 25.10.2022 година во Судски Буџетски совет на Република Северна Македонија, а доставено на надлежност до Бирото со допис од 26.10.2022 година и во Бирото заведено под бр. 0302 – 201/1 од 28.10.2022 година, поднесено од **лицето** [redacted], а врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, доставено на надлежност до Бирото со допис од 26.10.2022 година и во Бирото заведено под бр. 0302 – 201/1 од 28.10.2022 година, поднесено од лицето [redacted] **уважува**.

**Образложение**

[redacted] се обратила со барање за пристап до информации од јавен карактер до Судскиот Буџетски совет на Република Македонија во врска со исплатата по пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Ѓорески и други против Република Македонија А.бр. 27307/04. Со оглед на тоа дека Судскиот Буџетски совет не располага со бараната информација, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) истото со допис од 26.10.2022 година беше доставено на надлежност до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права. Барањето во Бирото е заведено под бр. 0302-201/1 од 28.10.2022 година.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа горенаведеното барање и констатираше дека Бирото е имател на следните побарани информации:

1. Пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Ѓорески и други против Република Македонија А.бр. 27307/04 е донесена на 16 октомври 2014 година и согласно истата досудениот надомест во износ од 200 евра (види параграф 30 од пресудата) бил исплатен на трансакциската сметка на лицето [redacted], како застапник на апликнатите пред ЕСЧП.

Дополнително, во прилог на ова Решение Ви доставуваме Извод од промет и состојба на сметката на Министерството за правда за реализација на пресуди на ЕСЧП од каде што произлегува податокот за исплата на горенаведената сума. Напоменуваме дека Изводот е анонимизиран заради заштита на лични податоци.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

в.д Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,
м-р Даница Џонова

Прилог:
- Извод од промет и состојба на сметка

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTESISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 28-11-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| | 0302-201/5 | | |

Арх.знак/Shenja ark. 1009
Рок на чување/Afati ruajtjes ___ 20__ год./viti
Потпис/Nënshkrim

( Образец ПП......)

До: Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Биро за застапување на Република Северна Македонија
пред Европскиот суд за човекови права Скопје
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Лично;
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 24 ст. 3 и 4 а во врска со член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019) и решението на РСМ Министерство за правда Биро за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права бр. 0302-201/2 од 09.11.2022 година од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Правната работа, ОДЛУКА или СПОГОДБА во врска со жалбата на [redacted], сите од [redacted] евидентирана кај Европскиот суд за човекови права Strasbourg Francija број 27307/04 GORESKI and Others v. MKD, со истакнато Барање за правично обештетување во износ од 244.000 евра.

Постои основано сомнение спорот е решен од месец Ноември 2011 година до почетокот на 2012 година.

[redacted] и [redacted]

Постои основано сомнение СПОГОДБА ЗА ПРАВИЧНО ОБЕШТЕТУВАЊЕ е склучена помеѓу РМ Министерство за правда Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права со седиште во Скопје од една страна и [redacted] и [redacted] двете од Скопје, од друга страна, лично или преку полномошник.

Во прилог доставувам копија од Петта сесија Стразбур 9 Февруари 2009 година и копија на Барање за правично обештетување на износ од 244.000 евра.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

(а) увид во списите на предметот;
(б) препис заверен со потпис и печат на органот;
- в) фотокопија
( г) електронски запис преку е-маил адреса;
- д) друго;

[redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

(а) по пошта со затворена препорачана пратка со брза пошта;
- б) телефон
- в) факс
( г) е-маил
(д) друго - Лично на рака на барателката преку интерна доставна книга на органот;

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во Скопје 26.11.2022 година

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISË SË VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0302-201/6
29. 11. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ / SHKUP

Министерството за правда – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права одлучувајќи по повторното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 0302-201/5 од 28.11.2022 година во Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, поднесено од **лицето** [redacted], а врз основа на член 24 став 3 и 4 во врска со член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Повторното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр. 0302-201/5 од 28.11.2022 година, поднесено од лицето [redacted] **се уважува.**

**Образложение**

[redacted] се обрати со повторно барање за пристап до информации од јавен карактер, согласно членот 24 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Барањето е доставено по електронска комуникација до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП, Судот) на 26.11.2022 година. Барањето во Бирото е заведено под бр. 0302-201/5 од 28.11.2022 година.

[redacted] преку електронска комуникација се обрати со барање за дополнителна информација од јавен карактер за достава на правната работа, одлука или спогодба во врска со жалбата број 27307/04, GORESKI and others v. Macedonia, евидентирана во Европскиот суд за човекови права.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа горенаведеното барање и констатираше дека Бирото е имател на следните побарани информации:

1. Пресуда на Европскиот суд за човекови права во случајот Ѓорески и други против Република Македонија А.бр. 27307/04 која е донесена на 16 октомври 2014 година, Ви ја доставуваме на англиски јазик и во превод на македонски јазик, во прилог на ова решение (прилог 1 и 2). Притоа, би сакале да укажеме на тоа дека двете јазични верзии од пресудата се достапни и на официјалната HUDOC дата база на Европскиот суд за човекови права на пресуди и одлуки.

Напоменуваме дека од пресудата произлегува дека предметот не бил решен со спогодување меѓу апликантите и државата, туку дека Судот, најпрво оценувајќи

ја допуштеноста, а потоа и основаноста на предметната апликација, констатирал повреда на членот 6 од Европската конвенција за човекови права, поради должината на постапката за која оценил дека не ги задоволила критериумите за „разумен рок“ (параграф 20 од пресудата).

Притоа, во параграф 25 од пресудата Судот го нотирал Вашето барање за правично обештетување во наведениот предмет во висина од 244.000 евра, но, од параграф 27 произлегува дека ЕСЧП го отфрлил ваквото барање во недостиг на поврзаност меѓу најдената повреда и бараната материјална штета.

Истовремено, би сакале да укажеме на тоа дека при мејл комуникацијата со Бирото, на 15.02.2019 година од наша страна Ви беше испратен превод на горенаведената пресуда (прилог 3).

Дополнително, пресудата во случајот *Goreski and others v. Macedonia* на англиски Ви беше доставена во прилог на Решението бр. 0306-62/2 од 20.02.2020 година (прилог 4) кое Бирото го донесе по повод Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од 15.02.2020 година, а за што дополнително се произнесовме по повод Вашата претставка доставена до Канцеларијата на Претседателот на Владата на РСМ со допис бр. 0306-62/5 од 06.03.2020 година (прилог 5).

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

в.д Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,
м-р Даница Џонова

Прилози:
Прилог 1: Пресуда во случајот *Goreski and others v. Macedonia* на англиски јазик
Прилог 2: Пресуда во случајот *Goreski and others v. Macedonia* на македонски јазик
Прилог 3: Мејл комуникација од 15.02.2019 година
Прилог 4: Решение бр. 0306-62/2 од 20.02.2020 година
Прилог 5: Допис бр. 0306-62/5 од 06.03.2020 година